Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Сл.весник на РМ број 27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18; 143/19 и 14/20 Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје број 02-309/8 од 15.03.2021 година, и тоа:

Во глава V  Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 0.4 Одделение за инфраструктура и  управување и одржување на жичара и милениумски крст, работното место со реден број 21 Раководител на одделение за  инфраструктура и управување и одржување на жичара и милениумски крст во делот вид на образование зборовите „електромашинство или географија*“ се заменуваат со зборовите „електромашинство, архитектура, урбанизам и планирање, или машинство“.

Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел  на Правилникот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ЈСП СКОПЈЕ
Директор
_____________________